**О П Ш Т И Н А  Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

13 Ноември 2019 година, Гевгелија   Број 13   Година XXXIX

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), член 23 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 38 став 1 точка 43, а во врска со точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2020 година

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува Планот на програми за развој на Општина Гевгелија за 2020 година, со развојните потпрограми.

### Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука се состои од следните програми и развојни потпрограми:

1. Програма ФА - УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   1.1. Регулација на коритото на Сува Река (ФАА);
   1.2. Регулација на дел од коритото на Мрзенска (Серменинска) Река (ФАБ);
   1.3. Регулација на одводниот канал "Рауљ" (ФАЦ);
   1.4. Примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс МИЛЦИ-Гевгелија" (ФАГ);
   1.5. Гасификација на Општина Гевгелија (ФАЕ);
   1.6. Градски плоштад (ФА).
   1.7. Индустриска зона со контејнерски терминал – Друмот Гевгелија (ФА).

2. Програма ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   2.1. Заобиколен пат околу Гевгелија -Јужен Булевар (ЈДЦ);
   2.2. Довршување на општинскиот пат Н.Конско-Ума (ЈДМ);
   2.3. Продолжување на Булевар Гевгелија (Изградба на ул.„Свети Климент Охридски") во Гевгелија (ЈДР).
   2.4. Изградба на општински пат Конско-Серменин-Миравци (ЈД).

3. Програма ЈЕ - ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   3.1. Катна гаража, уредени постоечки паркинг простори и нови паркиралишта за граѓаните (ЈЕА).

4. Програма ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   4.1. Реконструкција на водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки) (ЈГД);
   4.2. Реконструкција на водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки) (ЈГЕ).

5. Програма ЈИ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   5.1. Атмосферска канализациона мрежа (ЈИА);
   5.2. Пречистителна станица за отпадни води од с.Негорци, Негорски бањи, с.Прдејци и индустриски зони "Блокотехна" и "Прдејци" (ЈИЛ);

6. Програма ЈМ - ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   6.1. Нов градски парк (ЈМА).

7. Програма КА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ВО КУЛТУРАТА, која се состои од следните развојни потпрограми:
   7.1. Мултимедијален културен центар – Гевгелија (КА0).

8. Програма ЛА - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   8.1. Спортско-рекреативен комплекс со базен (ЛАА).

9. Програма ВА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   9.1. Нова детска градинка (ВА0).

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Планот на програми за развој на Општина Гевгелија за 2020 година со развојните потпрограми.

Планот на програми за развој е составен дел на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1843/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.),член 38 став (1) точка 43 и член 84 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 година, расправајќи по барањето на Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, за доставување мислење за спроведување на проектот Складирање на RDF и производство на пелети од RDF гориво, за потребите на инвеститорот "П&П Индустрис" ДОО од Скопје, го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ**

1.Советот на општина Гевгелија на својата 35-та седница одржана на ден 12.11.2019 година го разгледа барањето на Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, за доставување мислење за спроведување на проектот Складирање на RDF и производство на пелети од RDF гориво, за потребите на инвеститорот "П&П Индустрис" ДОО од Скопје, и притоа едногласно одлучи да даде **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

2.При донесувањето на ваквото мислење, Советот на општина Гевгелија ги зеде в предвид сите стратешки документи донесени од досегашните состави на Советот на општина Гевгелија, почнувајќи од Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) на општина Гевгелија од 1998 година, Резултатот и правните последици од одржаниот Референдум на локално ниво во општина Гевгелија од 23.04.2017г., Одлуката за верификација на резултатите од Референдумот на локално ниво под бр.09-1041/1 од 15.05.2017 година, и Одлука за задолжително дејство на резултатите од Референдумот на локално ниво под бр.09-1042/1 од 15.05.2017 година, во која е наведено дека органите на општина Гевгелија задолжително треба да доставуваат

НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ на државните органи, како и Програмата за Измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој (ЛЕР) во општина Гевгелија за 2017 година,каде што децидно е наведено дека на територијата на општина Гевгелија се забранува изградба на објекти од тешка и загадувачка индустрија, во насока на зачувување и унапредување на здравата животна средина. Посебно треба да се земе в предвид негативното мислење на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина во општина Гевгелија под бр.16-935/2 од 21.06.2019 година, во врска со првичното барање од Министерството за животна средина и просторно планирање под бр.11-2860/2 од 28.05.2019 година до општина Гевгелија.

3.Советот на општина Гевгелија е на мислење дека надлежното Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија, треба во целост да го почитува ставот на Советот на општина Гевгелија за давање НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ при одлучување за спроведување на проектот Складирање на RDF и производство на пелети од RDF гориво, за потребите на инвеститорот "П&П Индустрис" ДОО од Скопје на подрачјето на општина Гевгелија, како и да се земат в предвид штетните последици доколку таквиот проект се спроведува на територија на друга општина.

4. Се обврзуваат стручните служби на општина Гевгелија да го испратат ова Мислење до Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ најдоцна до 13.11.2019 година.

5. Мислењето влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1844/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 и член 84 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), а во врска со член 14 став (4) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14,129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 година, расправајќи по барањето на Министерството за економија за доставување повторно мислење за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот "Матушница-Исток", го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

1. Советот на општина Гевгелија на својата 35-та седница одржана на ден 12.11.2019 година, го разгледа барањето на Министерството за економија до општина Гевгелија за доставување повторно мислење за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот "Матушница-Исток"-општина Кавадарци и општина Гевгелија, и согласно законските надлежности, одлучи повторно да даде **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ.**

**2**.При донесувањето на ваквото мислење, Советот на општина Гевгелија ја разгледа корегираната топографска карта на локалитетот "Матушница-Исток" општина Гевгелија и општина Кавадарци, во која е корегиран бараниот простор за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – метални минерални суровини, но повторно го зеде в предвид негативното мислење од 5-та седница на сегашниот состав на Советот на општина Гевгелија под бр.09-2425/1 од 21.12.2017 година, Резултатот и правните последици од одржаниот Референдум на локално ниво во општина Гевгелија од 23.04.2017г., на којшто граѓаните со огромно мнозинство од 97,86% од излезените 68,78% избирачи од општина Гевгелија, се изјаснија против отворање на такви рудници на територијата на општина Гевгелија. Подоцна, и Советот на општина Гевгелија донесе две Одлуки од своја надлежност, и тоа: Одлука за верификација на резултатите од Референдумот на локално ниво под бр.09-1041/1 од 15.05.2017 година, и Одлука за задолжително дејство на резултатите од Референдумот на локално ниво под бр.09-1042/1 од 15.05.2017 година, во која е наведено дека органите на општина Гевгелија задолжително треба да доставуваат НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ на државните органи по барањето за доделување концесија на нејзина територија. Нагласуваме дека ваквиот став на Советот на општина Гевгелија е во согласност со Просторниот план на РМ, со Локалниот еколошки акционен план на општина Гевгелија од 1998 година, но и со Програмата за измена и дополнување на Програмата за Локалниот економски развој на општина Гевгелија за 2017 година, каде што децидно е наведено дека на територијата на општина Гевгелија се забрануваат проекти за изградба на објекти од тешка и загадувачка индустрија, во насока на зачувувањето на здравата животна средина.

**Ваквото негативно мислење се однесува и доколку таквите проекти се планираат да се изградат и на територијата на некоја соседна општина на општина Гевгелија.**

**3**.Советот на општина Гевгелија повторно е на став дека Министерството за економија на РСМ како надлежен орган за работите од областа на минералните суровини, треба во целост да го почитува ставот на Советот на општина Гевгелија за повторно давање НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ околу барањето за доделување концесија за вршење на детални геолошки истражувања.

**4**. Се обврзуваат стручните служби на општина Гевгелија да го испратат ова негативно мислење до Министерството за економија на РСМ во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за повторно мислење.

**5**. Мислењето влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1845/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на

општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост"-Гевгелија**

1.Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост"-Гевгелија, донесен и предложен од Управниот одбор на јавната општинска установа со Одлука бр.02-280/5 од 08.11.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1846/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост"- Гевгелија**

1.Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост"-Гевгелија, донесен и предложен од Управниот одбор на јавната општинска установа со Одлука бр.02-280/6 од 08.11.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1847/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11,162/12,

95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 год., донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од измена на намената во урбанистичка планска документација (ГУП на град Гевгелија) за КП бр.2035 КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за измена на Генералниот урбанистички план (ГУП) на град Гевгелија, со која ќе се врши измена на намената со цел вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.2035 КО Гевгелија од класа Д2 – заштитно зеленило во класа на намена Е2-комунална супраструктура, **а по барање од АД Водостопанство на РМ, Скопје.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1848/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 год., донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од донесување на Локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.1180 КО Давидово

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.1180 КО Давидово, со која ќе се врши вклопување на бесправно изградена сепарација за песок и чакал, во класа Г2-лесна незагадувачка индустрија, на дел од КП бр.1180 КО Давидово, **а по барање на ДПУТ "АНСА-Горан" ДООЕЛ од с.Миравци.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1849/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на Локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.4076 КО Негорци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.4076 КО Негорци, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден помошен објект во класа на намена А1-домување во станбени куќи, **а по барање на Катица Атанасова од Негорци**.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1850/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на Локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.886/1 КО Мрзенци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.866/1 КО Мрзенци со намена А1-Индивидуално домување, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден

сервис за автомобили во класа на намена Г3- сервиси и станбен објект во класа на намена А1-домување, **а по барање на Зоран Пенов од Гевгелија.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1851/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на Локална урбанистичко-планска документација (м.в. "Круша" КП бр.18 КО Конско)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД) со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.18 КО Конско во класа на намена А4-времено сместување, **а по барање на Симеон Франгов од Гевгелија**.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1852/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Ума (КП бр.1285 КО Ума)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистички план (УП) за с.Ума, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект на КП бр.1289 КО Ума во класа на намена А4-времено сместување, **а по барање на Ристо Ичев од Гевгелија (Уп1.бр.11-415-л од 19.12.2018 год.).**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1853/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год.) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.01/19, 02/19, 05/19, 09/19, 10/19 и 12/19год.), се врши следнава измена и дополнување:
- Во Делот 6 од Годишната Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година, после точката 6.2 треба да стои точка 6.3 со следниот текст: **"Изработка на Локална урбанистичка планска документација за формирање на градежна парцела со намена Г4–Стоваришта КО Прдејци, општина Гевгелија".**

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1854/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за одобрување на План на програми азвој на општина Гевгелија за 2020 година ........................................ 807

2.Мислење за спроведување на Проектот - Складирање на РДФ и производство на пелети од РДФ гориво за потребите на инвеститорот "П&П Индустрис" доо Скопје ........................................................................................................................ 808
3.Мислење за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - метлични минерални суровини на локалитетот "Матушница-Исток" општина Кавадарци и општина Гевгелија .................................. 809
4.Решение за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија ........................................................................................ 811
5.Решение за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија ................................................................................................ 811
6.Одлука за утврдување потреба од измена на намената во УПД (ГУП на град Гевгелија) за КП бр.2035 КО Гевгелија ................................................................ 812
7.Одлука за утврдување потреба од донесување на Локално урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.1180 КО Давидово ...................................... 812
8.Одлука за утврдување потреба од донесување на Локално урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.4976 КО Негорци ........................................ 813
9.Одлука за утврдување потреба од донесување на Локално урбанистичко-планска документација (ЛУПД) за КП бр.886/1 КО Мрзенци ...................................... 813
10.Одлука за утврдување потреба од донесување на Локално урбанистичко-планска документација (м.в. "Круша" КП бр.18 КО Конско) ....................................... 814
11.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Ума (КП бр.1285 КО Ума) ............................................................. 815
12.Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на УП во општина Гевгелија за 2019 година ........................................................................... 815

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија